ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПРОЕКТ „ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ - фаза 2“

Работилница „Развој на социјални услуги во Источен плански регион“

Согласно проектираните цели на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - фаза 2“ и потребата од ефективна имплементација на целите и начелата на политиката за поттикнување на рамномерниот регионален развој од одредбите на Законот за рамномерен регионален развој, предвидено е организирање и одржување на работилници на тема „Развој на социјални услуги во планските региони“ во сите осум плански региони.

Цели на работилниците и обуките

Преку планираните работилници ќе се работи на:

- Зголемување на соработката меѓу Министерство за локална самоуправа, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Бирото за регионален развој во насока на постигнување рамномерен, одржлив и инклузивен регионален развој;

- Остварување кохезија во социјалниот развој на планските региони преку воспоставување и испорачување на регионални социјални услуги;

- Идентификување на потреба за унифицирање на друга документација неопходна за следење, споредба и евалуација на социјалниот развој во планските региони;

- Креирање на предлог формат за документот „**Предлог за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите во Источен плански регион“;**

- Идентификување на можности за обезбедување на механизам за финансирање на регионалните социјални услуги преку соработка на Центарот за развој на Источен плански региони и Советот за социјална заштита на Источен плански регион.

Број и структура на учесниците на работилницата и обуките

На работилницата треба да присуствуваат членовите на Советот за социјална заштита на Источен плански регион, како и претставници од општините во рамки на Источниот плански регион кои работат во унапредување на локален економски развој и социјала.

Учество можат да земат и други лица кои може да придонесат кон квалитетот на работилниците (на пример членови на општински совети за социјална заштита, претставници на институции, локални експерти, претставници на граѓански оранизации, даватели на социјални услуги, итн).

Бројот на учесници е ограничен на 3 лица по општина, Ве молиме доставете ги имињата на Вашите претставници **не подоцна од 25.11.2024 година** повратено на овој e-mail.

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Зујица Ангелова